Доколку студентот од предходниот став на овој член без оправдани причини, не ги исполни обврските и условите утврдени со Законот за високото образование, Правилникот и другите акти на Универзитетот и Факултетот ги поднесува сите трошоци за студирање во согласност со наведените акти.

**Член 4**

Висината на средствата за студирање изнесува **400** ЕВРА, пресметани во денарска противвредност.

Утврдениот износ студентот го плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на на плаќањето, во 2 (две) еднакви рати, од кои првата при запишувањето на учебната година, а втората на почетокот на летниот семестар од тековната учебна година.

Предходниот став на овој член се применува за секоја учебна година одделно.

Надоместокот од став 1 на овој член студентот го плаќа во текот на целокупното студирање до дипломирањето без право на ослободување и/или намалување на надоместокот.

**Член 5**

Доколку студентот не ги исполни условите за напредување во следниот семестар /година, односно не ги освои потребните кредити за слушање на одреден предмет, ги поднесува трошоците за студирање, односно преслушување на предметите согласно актите на Универзитетот и Факултетот. Цената на секој предмет поединечно ја утврдува Факултетот со посебна одлука.

Надоместокот од предходниот став на овој член се уплаќа при запишување на предметот, односно годината.

**Член 6**

Договорот е склучен за времето додека трае студирањето на студентот.

**Член 7**

Студентот може да го раскине овој Договор без можност за враќање на уплатените средства за студирање со што му престанува статусот на студент на факултетот.

**Член 8**

Во случај на спор по овој Договор странките ќе се обидат настанатиот спор да го решат со усогласување, посредување или на друг мирен начин.

**Член 9**

Овој Договор се смета за склучен со денот на потпишувањето од страна на договорените странки.

Договорот е склучен во два еднакви примероци од кои еден за Факултетот и еден за студентот.

Договорот е склучен на ден ____________ 2015 година.

СТУДЕНТ

_________________

Д е к а н

Проф.д-р Никола Јанкуловски

_________________